С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 19 година XLIII

01 ноември 2007

187.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за доделување на 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2007 година

Се објавува Одлуката за доделување на 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2007 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/5
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно член 8 од Одлуката за востановување и доделување на 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 7/97,7/01 и 5/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес за 2007 година

Член 1

По повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес, а за постигнати остварувања што преставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзин севкупен напредок и афирмација во повеќе области, се донесува Одлука за доделување на 9-то ноемвриски признанија за 2007 година.

Признанијата ќе бидат врачени на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес.

Член 2

Спомен плакета на Општина Велес се доделува на:

- Sisters and brother Mitevski Production
-ООУ „Св.Кирил и Методиј“
-ООУ „Васил Главинов“
- Данчо Стефков
- Женски ракометен клуб „Леов Бартек“
- Компанија „Брако“ Велес
- М-р Јован Ивчев

Благодарница се доделува на:
- Електростопанство на Македонија ЕВН – Подружница Велес
- Прокредит банка
- Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС
- Microsoft – Македонија
- Семејството на Киро Спировски

Пофалница се доделува на:
- Ристе Велковски
-Тимот одговорен за уметничката програма на отворање на МОИ
- Трајанка Јовчевска
- Вангелица Маџунова Гаврилова

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4616/7
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с,р.

188

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2007 година

Се објавува Одлуката за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2007 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/6
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно член 5 од Одлуката за востановување награда за животно дело „Гемиџии“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.4/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2007 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделува награда за животно дело „Гемиџии“ за 2007 година, за постигнати резултати во развојот и афирмацијата на Велес во државата и надвор од неа.

Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес.

Член 2

Наградата за животно дело „Гемиџии“ за 2007 година се доделува на:

- Ратко Пајдаков и
- Д-р. сци. прим. Мирослав Мешков.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4616/8
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с,р.

189.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за доделување на награда за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов за 2007 година

Се објавува Одлуката за доделување на награда за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2007 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/7
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно член 6 од Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов “(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на награда за најстудент „ Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов “ за 2007 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделува награда за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2007 година, за најдобар успех постигнат во претходните академски години.

Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес.

Член 2

Наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2007 година се доделува на:

- Апасиев Димче – апсолвент на Правниот факултет на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4616/9
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с,р.

190.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/9
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 3 од Законот за дополнување на законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Сл.весник на РМ“ бр. 121/07), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година(„Сл гласник на Општина Велес“бр. 22/06, 11/07 и 18/07), се врши следнава измена „во член 9 после зборот „година“ се додаваат следните зборови „чија плата се зголемува за по 10% годишно, започнувајќи со исплата на платата за месец септември 2007 година “,

Член 2

После член 9-в се додава член 10 кој гласи:

„Член 10

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.“

Понатаму бројот на членовите во Одлуката се зголемува за еден.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-4616/11
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с,р.

191.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за пренесување на основни средства

Се објавува Одлуката за пренесување на основни средства, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/10
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за пренесување на основни средства

Член 1

Со оваа Одлука се врши пренесување на основни средства кои се во евиденција на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ во с.Иванковци и дел се во евиденција на подрачното училиште во с.Сујаклари и истите се пренесуваат во објект кој се наоѓа на ул.„Страшо Пинџур“ бр. 10 кој е наменет за Народна кујна.

Член 2

Основните средства - еден шпорет, еден казан, една фритеза, еден мијалник за садови и две работни маси ќе се пренесат од ООУ „Стојан Бурџевски Буридан“, додека аспиратор и две работни маси ќе бидат пренесени од подрачното училиште во с.Сујаклари и истите ќе се вградат во објектот наменет за Народна кујна, утврдени по спецификација составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Основните средства ќе бидат користени од страна на лицата кои ќе бидат ангажирани за подготвување на топлите оброци.

При користењето на средствата лицата ќе се грижат како добри домаќини секогаш да бидат во исправна состојба употребливи за намената.

Член 4

Оваа Одлука ќе значи правен основ за отпишување на горенаведените основни средства од евиденција на ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци и од евиденција на подрачното училиште во с.Сујаклари и основ за упис во евиденција на основни средства во Општина Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-4616/12
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с,р.

192.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Квартелен извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/8
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2007 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4616/8
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

193.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на Локалната установа Народен музеј Велес за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програма за работа на Локалната установа Народен музеј Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/1
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за работа на Локалната установа Народен музеј Велес за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа на Локалната установа Народен музеј Велес за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4616/3
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

194.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" Велес за 2007/2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска Градинка „Димче Мирчев" Велес за 2007/2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/2
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2007/2008 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2007/2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-4616/4
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

195.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септември 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септември 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/3
01.11.2007 година
Велес,

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина В е л е с
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септемвмри 2007 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септември 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-4616/5
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

196.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септември 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септември 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/4
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септемвмри 2007 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септември 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-4616/6
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

197.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за прифаќање на Информација за реконструкција на малата сала во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Информација за реконструкција на малата сала во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/11
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информација за реконструкција на малата сала во Општина Велес

1.Советот на Општина Велес ја прифати Информацијата за реконструкција на малата сала во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-4616/13
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

198.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес по повод одржаниот турнир во мал фудбал „Тунел 2007 година“

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес по повод одржаниот турнир во мал фудбал „Тунел 2007 година“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.10.2007 година.

Број 0801-4641/12
01.11.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес по повод одржаниот турнир во мал фудбал „Тунел 2007 година“

1. Советот на Општина Велес ја прифати Информацијата за активностите на Општина Велес по повод одржаниот турнир во мал фудбал „Тунел 2007 година“.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-4616/14
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

199.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 24, став 1, алинеа 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општита Велес бр.12/06) и член 124 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/07),

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за определување надоместокот на членовите на Советот на Општина Велес

Член 1

На членовите на Советот на Општина Велес им се определува месечен надоместок за присуство на седници на Совет и надоместок на патни и дневни трошоци.

Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Член 3

Средствата за исплата на надоместокот утврден во член 2 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Велес и ќе се утврди со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес.

Член 4

Присуството на седница на Советот се докажува со лично пополнување и потпишување на Пријава за присуство, која задолжително се дава на крајот од седницата на Советот на Општина Велес. За предвремено оправдано напуштање на седницата на Советот, пријавата за присуство се пополнува со претходно одобрение од претседателот на Советот на Општина Велес.

Член 5

Месечниот надоместок утврден во член 2 на оваа Одлука на членовите на Советот, се исплатува за присуство на сите седници на советот одржани во тековниот месец.

Доколку член на Советот отсуствува од седница на советот, месечниот надоместок за присуство се намалува за 30%, а доколку не присуствува на ниту една седница во тековниот месец, месечниот надоместок не се исплатува.

Месечниот надоместок нема да се исплатува доколку Советот не одржал седница во тековниот месец.

Член 6

На членовите на Советот им се исплатува надоместок за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство во висина која се утврдува со одредбите од Законот за државните службеници.

На членовите на Советот кои живеат надвор од градот за присуство на седници и комисии им се определува надоместок за патни трошоци, кој се утврдува по приложена сметка.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Советот на Општина Велес и на избраните и именуваните лица во постојните комисии („Сл.гласник на Општина Велес” бр.7/05 и 15/05)

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-4565/2
31.10.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за мандатни прашања,
избори и именувања
Дејан Гавазов с,р.

Бр на акт **Страница**

187	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за доделување на 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2007 година** **О Д Л У К А за доделување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес за 2007 година**	**271**
188	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2007 година** **О Д Л У К А за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2007 година**	**272**
189	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за доделување на награда за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов за 2007 година** **О Д Л У К А за доделување на награда за најстудент „ Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов “ за 2007 година**	**272**
190	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година**	**273**
191	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за пренесување на основни средства** **О Д Л У К А за пренесување на основни средства**	**274**
192	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Квартелен извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал за 2007 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2007 година**	**274**
193	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на Локалната установа Народен музеј Велес за 2008 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за работа на Локалната установа Народен музеј Велес за 2008 година**	**275**
194	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2007/2008 година**	**275**

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2007/2008 година

195 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септември 2007 година** **276**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септемвмри 2007 година

196 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септември 2007 година** **276**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период од 01 април до 30 септемвмри 2007 година

197 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за прифаќање на Информација за реконструкција на малата сала во Општина Велес** **297**

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Информација за реконструкција на малата сала во Општина Велес

198 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес по повод одржаниот турнир во мал фудбал „Тунел 2007 година“** **297**

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес по повод одржаниот турнир во мал фудбал „Тунел 2007 година“

199 **О Д Л У К А за определување надоместокот на членовите на Советот на Општина Велес** **298**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00